**Pavel Manev, judge**[2]

## "BOMBS" EXAMPLES OF ILLEGAL ACTS

**1.02 Review Article**
**UDK 343:342.738 (497.7)**

**Abstract**

The title of the text of the second theme for counseling "The paradigm of illicit evidence and the fruits of the venomous tree" causes with dilemmas and confuses. The word "paradigm" (paradigm - from Greek, example, model, pattern of theory or point of view) together with the first part of the title would mean "The sample of illegal evidence". What is the example or form and what illegal evidence is meant can not be seen from the title?

**Key words:** bombs, illegal actions, unlawful evidence.

[2] Judge of the Supreme Court of the Republic of Macedonia, retired.



**д-р Тодор Витларов**[1];

## КРИВИЧНОТО ДЕЛО ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ ЧЛ. 353 ОД КЗ ВО СУДСКАТА ПРАКТИКА

**1.03 Кратка научна статија**
**УДК 341.231.14:340.13 (4:497.7)**

**Апстракт**

*Самиот поим на службена должност (В. Камбовски, Казнено право, посебен дел, Скопје 2003 страна 495) имплицира релација на подреденост, должност спрема некого. Во суштина државната власт во своите општествени корени е ограничена, а по својата моќ неограничена. Од овие причини постои потреба од ограничување на овластувањата на носителите на функцијата на власт. Тие треба да бидат ставени во цврсти рамки за да се оствари принципот на владеење на правото и да се спречи дуализмот на власта, изразен преку издвојување на посебен адвокатски слој - административен апарат, од носителите на власта.*

**Клучни зборови:** кривично дело, службена положба, злоупотреба, судска практика.

**Вовед**

Казнено - правната теорија е неподелена околу мислењето, дека за поимот на службенички кривични дела (Ј. Таховиќ, Кривично право, посебен дел, Белград 1953, страна 452) се карактеристични четири елементи:

- како општ услов што важи за сите кривични дела, да се пропишани со закон;
- сторител на овие кривични дела е службено лици (или одговорно лице ако тоа е пропишано со закон);
- со вршењето на овие кривични дела се повредува службената должност;
- овие кривични дела може да се извршат само при вршењето на службената должност.

Самиот поим на службена должност (В. Камбовски, Казнено право, посебен дел, Скопје 2003, страна 495) имплицира релација на подреденост, должност спрема некого. Во суштина државната власт во своите општествени корени е ограничена, а по својата моќ неограничена. Од овие причини постои потреба од ограничува на овластувањата на носителите на функцијата на власт. Тие треба да бидат ставени во цврсти рамки за да се оствари принципот

[1] Виш јавен обвинител - Штип

на владеење на правото и да се спречи дуализмот на власта, изразен преку издвојување на посебен адвокатски слој - административен апарат, од носителите на власта.

Тоа најчесто се дела на злоупотреба на власта, на службената положба или овластување, на искористување на службената позиција на разни недопуштени дејствија спротивни на јавно-правниот карактер на службата.

Во ниту една современа држава, нема власт којашто е имуна од злоупотреби без оглед на тоа што кажува во својата пропагандна реторика пред власт.

Злоупотребата на власта во секој систем е во дирекно влијание од функционирањето на правната држава во истиот. Доколку функционира правна држава просторот од можните злоупотреби на власта е сосема стеснат.

Под поимот на службена должност се подразбира збир на обврски којшто произлегуват од јавно-правниот карактер на службата (функцијата), кон кои мора да се придржуваат лицата во тие служби.

Овие лица имаат големи овластувања и во вршењето на истите се должни да постапуваат во согласност со целите и интересите на службата .

Во суштина државната власт во своите општествени корени е ограничена, а по својата моќ е неограничена.

Ограничувањата мора да бидат ставени во цврсти рамки за да се оствари принципот на владеење на правото и да се спречи дуализам на власта со создавање на посебен бирократски слој – административен апарат .

Секое вршење на службата кое е во споротивност со уставот, законите и прописите донесени врз основа на закон претставуват злоупотреба на овластувањата во најширока смисла.

Тоа се повреди на службената должност која ја чини службеното лице во вршењето на својата службена должност.

Бидејќи во одредени случаи на постапувањето на службените лица во согласност со позитивните законски прописи претставува и дисциплинска повреда, во казнено-правна смисла злоупотребата ги опфаќа оние незаконски постапувања во службата кој се пропратени со прибавување за себе или за друг некакава корист или нанесување на штета на друг.

Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување е најчесто пријавувано кривично дело во практиката од Главата на кривичните дела против службената должност.

Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 претставува општ облик на кривично дело, кое се применува по правило ако во дејствијата на сторителот не се содржани елементи на некое друго кривично дело.

**Сторители на кривичното дело**

Тоа е кривично дело delicta propria, својството на сторителот е едно од законските обележја на делото.

Тоа се: службени лица, одговорни лица, одговорни лица во странско





правно лице кое има претставништво или врши дејност во РМ или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото овластување или должност, странски службени лица, (беа направени измени на КЗ во 1999 год.) поимите се определени со чл. 122 од КЗ.

Би сакале да истакнеме дека странско службено лице може да биде сторител на ова кривично дело, иако тоа посебно не е содржано во законското битие на делото. Ова произлегува од одредбата на чл. 122 т. 5 од КЗ, дека странско службено лице ке се смета како службено лице кај кривични дела кај кои како извршител е определено службено лице кога во такво својство извршил службено дејствие, постапувајки на територијата на Р.М. врз основа на меѓународен договор.

**Дејствија на извршување**

- искористување на службената положба,
- пречекорување на границите на службеното овластување,
- неизвршување на својата службена должност.

*Искористивање на службената положба*

Најчесто се врши во врска со дискреционите овластувања, кога службено лице ја цени целесообразноста на еден акт и врз основа на тоа донесува конкретен акт (одлука).

Преземените службени дејствија се во рамките на неговите овластвуања, ама при оценката на дискреционото овластување тој (сторителот) не се раководи од интересот на службата, туку од личен интерес, а за прибавување за себе или за друг некаква корист или нанесување на штета на друг.

При описот на овие дејствија не мора да има повреда на бланкетна норма.

Тоа се разните случаи на давање на одобренија од страна на управните органи за изградба на објекти, отпочнување со работа на угостителски или трговски објекти итн.

*Пречекорување на границите на службените овластувања*

Постои кога службеното лице врши службени дејствија коишто се надвор од неговите службени овластувања.

Донесување на акти кои се во надлежност на друго службено лице, не прибавило потребна претходна согласност од својот претпоставен (може и неизвршување).

По правило секогаш мора да се повикаме на соодветната бланкетна норма која не е почитувана – излегол надвор од она што му била негова недлежност.

*Неизвршување на службената должност*

Тоа се состои во непреземање или пропуштање да се преземе службено дејствие, коешто е во рамките на неговите службени овластувања.

Тоа се случаите кога службеното лице не донело некој акт којшто бил должен да го донесе (не му издава на граѓанинот уверение) или ова е т.н. формално неизвршување на службената должност.

Вакви дејствија би биле и кога формално службеното лице ги извршува дејствијата, но неизвршувањето е во материјална смисла (службено лице прави претрес на дом, но тоа го чини површно-колку да помине редот).

Секое неизвршување на службената должност, не значи дека е сторено и кривично дело, потребно е да постои последица како резултат на ваквото однесување да е прибавена некаква корист за себе или за друг или нанесување на штета на друг.

Во практиката секогаш не се прави разлика помеѓу наведените дејствија на сторување на ова кривично дело.

Не се ретки случаите каде кумулативно пријавените извршиле искористување на службената положба, пречекорување на овластувањата или неизвршување на службената должност.

Во вакви случаи мора да се даде посебен опис на поединечните дејствија.

Притоа, начелно треба да се раководиме дека дејствијата на искористување на службената положба во суштина значи постапување на сторителот спротивно на јавниот интерес при извршувањето на службената должност, за личен интерес или корист за себе или за друг. Во ваков случај не е потребно да се наведе и бланкетна норма.

Во случај кога се работи за пречекорување на овластувањата или неизвршување на службената должност, секогаш е потребно при описот на противправните дејствија на сторителот, да се наведе и конкретна бланкетна норма.

**Субјективен елемент**

Делото е умислено, сторителот треба да е свесен дека ја искористил својата службена положба, дека ги пречекорил границите на службеното овластување или дека не ја извршил службената должност.

Со новото законско битие **не се бара посебна намера** на сторителот. Доволен е фактот сторителот да е свесен за своите постапки и како резултат на нив да настанале пропишаните услови за инкриминација (некаква корист за себе или за друг или ненесување на штета на друг).

**Услови на инкриминација**

Последицата на делото е штета нанесена на друг (физичко, правно лице, граѓани, државата итн.) или некаква корист.

Поимот некаква корист е општ и со него е опфатена имотна и друга корист.

**Имотна корист** е секое зголемување или подобрување на својот или туѓ имот, односно спречување на негово намалување (физичко) или намалување на неговата вредност.





**Како друга корист** се подразбира создавање на секоја поволна положба или погодност за едно лице во било која сфера на општествениот живот (вработување, добивање разни привилегии, кредити итн.).

**Штетата** не мора секогаш да се сфати во обратна смисла од корист, иако по правило е така.

Мерило за користа, односно штетата не е секогаш субјективното чувство на лицето чиј интерес е загрозен, туку е потребна една објективна оценка за настанатите промени.

Во правната практика, особено во оваа сфера на толкување, дали има штета или корист во конкретен случај, честопати погрешно се појдува од субјективната оценка на лицето (оштетениот), која честопати под разни облици на притисок, влијание, ветувања од страна на обвинетиот, се менува. Најчесто, ваквите лица изјавуваат пред надлежните органи: „не се чувствувам како оштетен“.

Во оваа насока посебно би сакале да нагласиме, дека штетата, односно користа може да биде и за правни лица, без оглед каква е структурата на сопственоста во истото.

**Квалифицирани видови**

- ст. 2 ако е прибавена поголема имотна корист, чл. 122 т. 26 од КЗ, над пет просечни плати исплатени во Републиката или потешко ги повреди правата на друг. Законската формулација, за потешка повреда на правата на друг е нејасна од аспект на барање на повисок степен на повреда на правата. Ако веќе има повреда на правата на друг, која е полесна, а која би било потешка? Од ове причини во практиката честопати се остава простор за арбитрерност.
- ст. 3 прибавена значителна имотна корист или нанесена значителна шета, чл. 122 т. 27, над педесет просечни плати исплатени во Републиката.
- ст. 5 ако делото е сторено при вршење на јавни набавки или на шетета на Буџетот, јавните фондови или други средства на државата (пропишано со измените од 2004).

Гонењето за овој квалифициран облик на кривичното дело е во надлежност на Основното обвинителство за организиран криминал и корупција.

Во насока на надминување на одредени недоразбирања кои се појавија во практиката околу надлежноста на јавните обвинителства, постои став на Јавното обвинителство на Република Македонија.

За кривично дело од ст. 5 на чл. 353 од КЗ, „одговараат само службени лица што имат овластување директно и активно да одлучуват, раководат и располагаат со буџетските средства и во рамките на нивната службена положба и овластување да предизвикат штета на Буџетот на РМ“.

**Пријавени и обвинети лица за кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување**

Статистичките податоци ќе бидат аналаизирани, само за подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Штип за последите три години

| година | Пр. за кр.д. прот. сл. дол. | за чл. 353 од КЗ | Одлуки на ЈО | | | | | | Одлуки на судот | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Р. за отф. | Обв. пред. | Пред. за Кз. Н. | Н. за ис. пос. | Обв. акт. | Ск. спог. | Осуд. | Одбв. | Осл. |
| 2014 | 283 | 244 | 183 | 11 | 6 | 5 | 25 | 2 | 37 | 5 | 5 |
| 2015 | 363 | 279 | 163 | 37 | 10 | 16 | 6 | 3 | 30 | 3 | 17 |
| 2016 | 404 | 325 | 245 | 34 | 8 | 10 | 6 | / | 47 | 12 | 6 |

Во целиот анализиран период произлегува констатација, дека бројот на пријавени лица за кривични дела од Главата на кривичните дела против службената должност е најголем за кривичното дело - Злоупотреба на службената положба и овластување.

Споредбено за овој период, најголем број на пријавени лица 325 има во 2016 год, споредено со 244 во 2014 год., односно бројот на пријавени бележи зголемување.

Меѓутоа, ако ги имаме во вид одлуките на јавниот обвинител по поднесените кривични пријави, се доаѓа до констатацијата, дека има невообичаено голем број на отфрлени кривични пријави.

Така бројот на отфрлените во однос на бројот на пријавените по години е 75% од пријавените во 2014, 58% во 2015 и 75% во 2016 год.

За да можеме да дадеме точен одговор, на што се должи вака невообичаениот број на отфрлени кривични пријави (просечно на ова подрачје во анализираниот период истиот изнесува околу 30% од пријавените), потребна е целосна анализа. Во истата би биле опфатени податоци за подносителите, квалитетот на поднесените пријави, поднесените дополнителни барања за собирање на потребни известувања од страна на јавниот обвинител итн.

Според видот на донесените одлуки на јавниот обвинител (издадени наредби за спроведување на истражна постапка, поднесени обвинителни предлози и предлози за издавање на казнени налози), произлегува констатацијата дека најголем дрој на пријавени се за ст. 1 на чл. 353, за кое кривично дело е пропишана казна затвор до пет години, односно водење на скратена постапка.

По понесените обвиненија од страна на јавните обвинители (обвинителни акти, предлози и предлози за издавање на казнени налози), судовите донесоа најголем број на осудителни пресуди.





Единствено во 2016 год е забележителен, значителниот број на донесените ослободителни пресуди, дури против 17 лица во однос на осудителните против 30 лица.

Согласно Новиот ЗКП, во 2014 и 2015 год, со обвинетите се склучени предлог спогоди со 2 односно 3 лица.

**Од практиката**

Иако законското битие на ова кривично дело е јасен, според наше мислење во практиката при постапувањето на јавните обвинители, по конкретни предмети за кривично дело Злоупотреба на службента положба и овластување од чл. 353 од КЗ, секогаш не се дава јасен и прецизен опис на диспозитивите на поднесените обвиненија.

Ваквите пропусти на јавните обвинители во практиката, според новиот концепт на ЗКП (акузаторна постапка), може да има негативни аспекти врз доследната примена на принципот на легалитет во гонењето на сторителите на казниви дела.

Нејасен опис на изреката на обвинението и при огласувањето на обвинетиот за виновен од страна на судот, ја чини првостепената пресудата нејасна, што претставува суштествена повреда на одредбите од ЗКП, согласно чл. 415 ст. 1 т. 11, која повлекува укинување на првостепената пресуда

На оваа повреда внимава второстепениот суд по службена должност, согласно чл. 427 ст. 1 т. 1 од ЗКП.

На ова мора да се има во вид и законската одредба од чл. 437 ст. 4 од ЗКП, дека обжалената пресуда може само еднаш да се укине.

Ова значи, дека доколку поради ваква суштествена повреда е укината веќе еднаш првостепена пресуда, јавниот обвинител треба да постапи со особено внимание и да ја отстрани констатаираната повреда-на новата главна расправа, да го измени и прецизира обвинението во оваа насока.

Мора да напомените, дека во практиката не се ретки случаити, кога се укинуваат првостепени пресуди по службена должност, поради нејасен опис на противправните дејствија во поднесени обвиненија за ова кривично дело. Но, на новата главна расправа, овластениот тужител не презема никакви дејствија, за отстранување на оваа повреда-прецизирање на описот на делото во поднесеното обвинение за изреката на осудителната пресудата да биде јасна.

Во суштита, ваквите пропусти значат ослободителна пресуда поради нестручно постапување на јавниот обвинител, иако се располагало со докази дека определено лице сторило кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување.

**Пример од практиката**

1. Поднесено е обвинение за две лица за сторено кривично дело Злоупотреба на службенат положба и овластување од чл. 353 ст. 1 од КЗ в.в. со чл. 22 од КЗ, затоа:

Во периодот од 1.1.2004 до 31.12. 2004 како одговорни лица првообвинетиот како управител, а второобвинетата како благајник во ППС „Метална", искористувајќи ја својата службена положба ги пречекориле границите на своите службени овластувања, со што ја злоупотребиле службената положба и овластувања, на начин што постапувајќи спротивно на чл. 13 ст. 1 т. 3 од Законот за финансиско работење, со намера за друг да прибавата корист не пресметале и не исплаќале од личниот доход на вработениот в.в, судска забрана на личен доход во висина од една половина од месечен личен доход, донесено со Решение на Основен суд И. бр. 212/ 94 од ----, оштетувајќи го р.р , месечно по 2300, 00 ден. или вкупно 27.600. ден.

Ваквиот опис на диспозитивот на поднесеното обвинение е НЕЈАСЕН.

ИСТИОТ БИ ТРЕБАЛО ДА ГЛАСИ :

Во периодот од – до, како одговорни лица првообвинетиот управител, а второобвинетата благајник во правното лице ППС „Метална", не ја извршиле својата службена должност, на начин што спротивно чл. 13 ст. 1 т. 1 од Законот за финансиско работење, не постапиле по судската забрана од личен доход во висина од една половина, опредлен со Решение на Основниот суд И. бр. 212/ 94 од --на нивниот вработен в.в., како должник, со што предизвикале штета за доверителот –оштетениот р.р. месечно со по 2300 ден или вкупно од 27. 600 ден.

2. Во вториот случај ќе бидат презентирани правните стојалишта на првостепен и второстепен суд, по однос на прашањето за постоење на елемени на кривичното дело Злоупотреба на службенат положба и овластување од чл. 353 од КЗ.

Поднесено е обвинение против четири лица, за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 ст. 2 в.в. со ст. 1 од КЗ затоа што:

Обвинетите како службени лица, првообвинетиот како претставник на општествениот капитал во АД .., второобвинетиот како претседател, а трето и четвртообвинетиот, као членови на управниот одбор, со намера да нанесат штета на Друштвото ги пречекориле границите на службените овластувања, на начин што на ден -- , без согласност на Управениот одбор на Агенцијата за приватизација на РМ, спротивно на чл. 94 од Законот за трасформација на претпријатијата со општествн капитал, донеле Одлука за задолжување на Друштвото-позајмица од Претпријатието ДООЕЛ – во износ од 1.200.000





ден, за која е ставен залог на магацинскиот простор во проценета вредност од 2.829.330, средствата не се вратени залогот бил реализиран, со што е нанесена штета на АД, во износ од 1.620.330 ден.

Првостепениот суд донел ослободителна Пресуда К. бр. 753/03, дека делото што им се става на товар на обвинетите не е кривично дело.

Од образложението на првостепената пресуда:

Обвинетите не спореа дека таква согласност навистина не е прибавена, а оваа околност со сигурност се утврдува и од распитот на преставникот на Агенцијата за приватизација.

Од увидот во пресудата П. Бр. 1171/02 се утврдува, дека тужбеното барање на тројца акционери за поништување на Одлуката на Управиот одбор за задолжување и хипотека е одбиено како несновано.

Против оваа пресуда, јавниот обвинител изјавил жалба.

Истата е одбиена од страна на Апелациониот суд со Пресуда КЖ. бр. 142/05.

Во образложено се наведени истите околностите, поради кои е донесена првостепената ослободителна Пресуда. Тужбеното барање за поништување на договорот за позјамица и поништување на хипотеката, се одбиени. Договорот е склучен согласно чл. 95 од Законот за облигациони односи и не било потребно согласно Статутотот на Друштвото да се бара согласност на Собранието на акционери.

Јавното обвинителство на Република Македонија, поднело Барање за заштита на законитоста.

Барањето е уважено со Пресуда на Врховен суд 30/20015, со која е констатаирано дека со првостепенета и второсетената пресуда е повреден чл. 355 ст. 1 т. 11 и чл. 356 ст. 1 т. 1 од ЗКП (поранешниот), во полза на обвинетите.

Во своето образложение Врховниот суд наведува, дека обвинетите биле должни да постапуваат согласно чл. 94 од Законот за трансформација на претпријатијата во општествена сопственост. Истите претходно морале да побараат и да добијат согласност од Агенцијата, за да можат како Управен одбор на АД да донесат Одлука за задолжување на претпријатието.

Во конкретниот случај оттуѓувањето на имотот на друштвото е извршено со пречекорување на границите на овластувањата, на начин што без да се бара согласност од Агенцијата, обвинетите сепак донеле Одлука за задолжување-позајмица, во износ од 1.200.000 ден. за што бил ставен и залог на магацинскиот простор со проценета вредност од 2. 829.330, ден.

Врховниот суд смета дека пресудите немаат доволно причини за сите решителни факти. Од содржината на доказите изведени во текот на главниот претрес јасно и недвосмислено произлегува дека во дејствијата на обвинетите се содржани елементите на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 ст. 2 од КЗ.

3. Поднесено обвинение против судија на Основен суд за кривично дело Фалсификување на службена исправа од чл. 361 ст. 1 од КЗ и Злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 ст. 1 од КЗ, затоа што:

Како службено лице - судија на Основен суд во својство на Претседател на стечајниот совет за ДОО Нова трговија во стечај:

1. По спроведено јавно наддавање направил три службени исправи - судски решенија за досудување на недвижности на ДОО Нова трговија во стечај под ист ст. бр. и ги заверил со службен печат и тоа:

- Решение на име... за недвижноста Текстил Борово ,десен дел продавница број 2 со површина од 32 метри квадратни за цена од 1.209.000 денари, иако на второто јавно наддавање спроведено на ден.. како единствен наддавач и е досуден целиот објект со површина од 144 метри квадратни за цена од 4.447.389 денари на лицето ..;
- Решение на име ... за недвижноста Текстил Борово продавница број 2 среден дел со површина од 34,80 метри квадратни за цена од 1.078.800 денари, иако воопшто истата не учествувала на второто јаво наддавање спроведено на ден .... за продажба на објектот опишан под алинеа еден;
- Решение на правното лице ДООЕЛ .... за недвижноста продавница број 2 на Текстил Борово, лев дел со површина од 75 метри квадратни за цена од 2.183.950 денари, иако наведеното правно лице преку полномошник не учествувало на јавното наддавање на целиот објект наведен во алинеа еден.

2. Со пречекорување на границите на своето службено овластување прибавил имотна корист за Т.К. на начин што постапил спротивно на членовите 163 ст.1, 165, 168 ст. 5, 168 ст. 2 од Законот за извршна постапка, без спроведување на второ јавно наддавање и без исполнување на условите за полноважност на продажбата (немање писмен договор за продажба со непосредна спогодба и немање доказ за положена гаранција) на ден .... донел Решение ст. бр. .... со кое недвижноста - продавницата Стаклара со површина од 58,9 метри квадратни на ДОО Нова трговија во стечај, ја досудил на ова лице на кој начин му овозможил истиот да стекне право на сопственост на незаконит начин.

Основниот суд обвинетиот го огласил за виновен за предметните кривични дела и го осудил на единствена казна затвор во траење од 7 (седум) месеци.

Против оваа пресуда обвинетиот изјавил жалба.

Со предува на Апелациониот суд Кж. бр. 452, жалбата на обвинетиот била уважена, а согласно чл. 342 т. 2 од ЗКП, обвинетиот бил ослободен од обвинение.

Во своето образложение Апелациониот суд наведува дека, согласно чл. 100 ст. 1 од Уставот на РМ и чл. 65 од Законот за судовите, судиите уживаат имунитет. Ова значи дека никој кој учествувал во судењето не може да биде повикан на одговорност за мислење и одлучување на судските одлуки. Овој имунитет на судиите без двоумење треба да се примени и во конкретниор случај. Обвинетиот инкриминираните одлуки ги донел како судија, постапувајќи во месно и стварно надлежен суд и функционален судија поединец во конкретниот предмет, како претседател на стечајниот совет на ДОО Нова трговија во стечај. Судијата во процесот на одлучувањето, при примената на процесните и материјалните закони ги применува одредбите спрема своето знаење и искуство. Тоа значи, дека применува одредби кои во дадениот предмет треба да се применат, но често судијата применува и одредба која не треба да се примени, сметајќи дека треба да се примени или пак не примени одредба која треба да се примени.... токму поради таквите со закон предвидени грешки на судијата е уставната и законска гаранција дека судијата не може да одговара за својата одлука - судски имунитет.





Ова не значи дека генерално судијата не може да биде сторител и да одговара за кривично дело што го направил како судија. Така, доколку судија и функционално и според распоредот на работа изготви одлука која според законот не бил надлежен да ја донесе, не требало да постапува по судскиот предмет, примил поткуп, противправно посредувал итн.

Против оваа пресуда на Апелациониот суд Јавното обвинителство на Република Македонија има поднесено Барање за заштита на законитоста.

Врховниот суд на Република Македонија со своја Пресуда КЗЗ бр. 44, Барањето го уважил и констатирал, дека со оваа пресуда на Апелациониот суд е повреден чл. 356 ст. 2 т. од ЗКП (стариот), во корист на обвинетиот.

Врховниот суд на РМ во својата Пресуда констатира дека заклучокот на Апелационот суд за постоење на имунитет на судијата кој го ослободува од одговорност е неправилен..... Во овој случај кога постапувал судијата при донесувањето на решенијата, тој не вршел никаква оценка на определените докази за нивната подобност за докажување на определен факт. Напротив, тој однапред знаел дека предметниот објект како единствен наддавач со површина од 144 метри квадратни е досуден на лицето Д.Ј. Со кривотворење на одлуката во постапката ги вклучил и лицата М.Ј. и правното лице, иако знаел дека тие воопшто не учествувале во второто наддавање. Ваквите одлуки се засновани на нестварни докази кои не биле предмет на соодветна постапка, поради што истите се невистинити. Во нив судијата како службено лице, со закон овластено да ги составува овие исправи внел невистинити податоци. Ова не може да се подвиди под функционален имунитет на судија од чл. 100 од Уставот на РМ или како право на слободно судиско убедување. Имунитетот значи заштита, слобода на судијата во донесување одлука, но таква одлука треба да се донесе во постапка пропишана со закон.

## РЕЗИМЕ

Кривичното дело Злоупотреба на службента положба и овластување е едно од најчесто пријавуваните кривични дела од главата на кривични дела против службената должност.

Во последните анализирани три години, забележителен е фактот, дека надлежните основни обвинителства од подрачјето на Вишото јавно

обвинителство во Штип, невообичаено по поднесените кривични пријави за предметното кривично дело, донеле решенија за отфрлање на кривичните пријава. За вистинските причини, би требало да се направи подетелна анализа, за подносители на овие пријави, нивната поткрепеност со соодветни докази, колку јавните обвинители по истите поднеле барања за собирање на потребни податоци, дали истите се отфрлени поради немање елементи на кривичното дело (нема штета или корист или се работи за дисциплинска повреда) или дека нема основано сомневање дека е сторено предметното кривично дело (ЈО дополнително ги направило сите проверки на наводите во пријавата и нема основано сомневање).

Од анализираните случаи во практиката, произлегуваат констатациите дека:

– Јавните обвинители треба да обратат внимание во правилно составување на диспозитвини при понесување на обвиненеија за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување со јасен опис на дејствијата на сторување (искористување на службена положба или овластување, пречекорување или неизвршување на службената дожност) и условите за инкриминација (штета или некакава корист за себе или за друг).

Евидентно е во практиката, постоењето на разлики во правните ставови по однос на постоење на елементи на предметното кривично дело, помеѓу Јавното обвинителсво и основните и апелациините судови. Но, евидентни се разлики и помеѓу, правните стојалишта на пониските судови и Врховниот суд.





**Dr. Todor Vitlarov**[2]

## THE CRIMINAL ACT ABUSE OF OFFICIAL POSITION AND AUTHORIZATION, ARTICLE 353 FROM THE CRIMINAL CODE IN THE JUDICIAL PRACTICE

**1.03 Short Scientific Article**
**UDK 341.231.14:340.13 (4:497.7)**

**Abstract**

The very notion of official duty (V. Kambovski, Criminal Law, special section, Skopje 2003. page 495) implies a relation of subordination, duty to someone. In essence, the state power in its social roots is limited, and its power is unlimited. For these reasons, there is a need to limit the powers of the holders of the office of power. They should be firmly established in order to achieve the principle of the rule of law and to prevent the doalism of the government, expressed through the separation of a separate lawyer's layer - an administrative apparatus, by the holders of power.

**Key words:** crime, official position, abuse, judicial practice.

[2] Senior Public Prosecutor - Stip